Упатство за инсталација на моноблок систем за топлотна пумпа воздух-вода

AW052MUCHA
AW072MUCHA
AW092MUCHA
AW112MXCHA
AW142MXCHA
AW162MXCHA
AW11NMXCHA
AW14NMXCHA
AW16NMXCHA

• Овој производ смее да биде инсталиран или сервисиран исклучиво од овластен и квалификуван стручен персонал.
• Ве молиме внимателно прочитајте го ова упатство пред инсталација. Овој уред е наполнет со ладилно средство R32.
• Чувајте го ова упатство за идна употреба.



Haier

MK УСОГЛАСЕНОСТ СО ЕВРОПСКИТЕ РЕГУЛАТИВИ ЗА МОДЕЛИТЕ:

CE

CE
Сите производи се усогласени со следните европски директиви:
Директива за низок напон ;
Електромагнетна компатибилност.


RoHS

Производите се во согласност со барањата на Директивата 2011/65/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот за ограничување на употребата на одредени опасни супстанции во електрична и електронска опрема (RoHS директива).

WEEE


Во согласност со Директивата 2012/19/ЕУ на Европскиот парламент, со ова го информираме потрошувачот за обврските во однос на отстранување на електрична и електронска опрема.

БАРАЊА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ:




Оваа топлотна пумпа е означена со овој симбол. Тоа значи дека електричните и електронските производи не смеат да се мешаат со несортиран комунален отпад.
Не обидувајте се сами да го демонтирате системот; демонтирањето на топлотната пумпа, третманот на ладилното средство, маслото и другите делови мора да го изврши овластен инсталатер во согласност со важечката локална и национална регулатива.
Топлотните пумпи мора да се третираат во овластен центар за третман со цел повторна употреба, рециклирање и обновување.
Со правилно отстранување на овој производ ќе помогнете да се спречат потенцијални негативни последици за животната средина и здравјето на луѓето.
За повеќе информации, ве молиме контактирајте го инсталатерот или локалниот надлежен орган.
Батеријата мора да се отстрани од далечинскиот управувач и да се отстрани одделно, во согласност со важечката локална и национална регулатива.

Упатство за инсталација на моноблок систем за топлотна пумпа воздух-вода



AW052MUCHA
AW072MUCHA
AW092MUCHA



AW112MXCHA
AW142MXCHA
AW162MXCHA
AW11NMXCHA
AW14NMXCHA
AW16NMXCHA

• Овој производ смее да биде инсталиран или сервисиран исклучиво од овластен и квалификуван стручен персонал.
• Ве молиме внимателно прочитајте го ова упатство пред инсталација. Овој уред е наполнет со ладилно средство R32.
• Чувајте го ова упатство за идна употреба.

Содржина

Дефиниции 1
Безбедност 2
Вовед 9
Додатоци 10
Транспорт и подигање 11
Упатство за инсталација 13
Електрично поврзување и примена 22
Инсталација и пуштање во работа 29
Кодови на грешки 30
Упатство за работа на контролер 32
Пробна работа и перформанси 53
Преместување и отстранување на топлотната пумпа 54

⚠Предупредување

• Доколку напојниот кабел е оштетен, истиот мора да биде заменет од производителот, неговиот овластен сервис или друго соодветно квалификувано лице, со цел да се избегне опасност.

• Овој уред не е наменет за употреба од лица (вклучително и деца) со намалени физички, сензорни или ментални способности, или со недоволно искуство и знаење, освен ако се под надзор или имаат добиено инструкции за употреба на уредот од лице одговорно за нивната безбедност.

• Децата треба да бидат под надзор за да се осигура дека не си играат со уредот.

• Овој уред може да го користат деца на возраст од 8 години и повеќе, како и лица со намалени физички, сензорни или ментални способности или со недостаток на искуство и знаење, доколку се под надзор или имаат добиено инструкции за безбедна употреба на уредот и ги разбираат можните опасности. Децата не смеат да си играат со уредот. Чистење и корисничко одржување не смеат да вршат деца без надзор.

• Уредот не е наменет за работа преку надворешен тајмер или посебен систем за далечинско управување.

• Чувајте го уредот и неговиот кабел подалеку од дофат на деца помлади од 8 години.

• Исклучете го уредот од напојување за време на сервисирање и при замена на делови.

• Доколку исклучувањето не е предвидено, мора да се обезбеди уред за исклучување со механизам за заклучување во изолирана положба.

• Овој уред е наменет за употреба од стручни или обучени корисници во продавници, лесна индустрија и на фарми, или за комерцијална употреба од необучени лица.

• Препорачуваме уредот да биде правилно инсталиран од квалификувани монтажери, во согласност со упатството за инсталација.

• Уредот мора да биде инсталиран во согласност со националните прописи за електрично поврзување.

• Електричното поврзување мора да го изврши квалификуван електричар. Сите инсталации мора да бидат во согласност со локалните електрични прописи.

• Средства за исклучување, како што е автоматски прекинувач кој обезбедува целосно исклучување на сите полови, мора да бидат вградени во фиксната инсталација согласно прописите. Користете заштитен прекинувач на истекување струја (ELB – Earth Leakage Breaker). Доколку не се користи, може да дојде до електричен удар или пожар. Податоците за типот и номиналните вредности на осигурувачите или прекинувачите се дадени подолу.

• Начинот на поврзување на уредот со електричното напојување и меѓусебното поврзување на одделни компоненти е прикажан подолу. Шемата за поврзување, со јасна ознака на приклучоците и поврзувањето со надворешни контролни уреди и напојување, е дадена подолу. Кабел од тип H07RN-F или електричен еквивалент мора да се користи за напојување и за поврзување помеѓу надворешната и внатрешната единица. Димензиите на кабелот се наведени подолу.

• Податоците за потребниот простор за правилна инсталација на уредот, вклучувајќи ги минималните дозволени растојанија од соседни конструкции, се наведени подолу.

Дефиниции

Напомена: Спецификациите во ова упатство може да бидат изменети без претходна најава, со цел HAIER да ги воведе најновите иновации за своите корисници.

Иако се вложуваат напори да се обезбеди точност на сите спецификации, печатните грешки се надвор од контрола на HAIER; HAIER не сноси одговорност за вакви грешки.

Внимание: Овој производ не смее да се меша со комунален отпад по завршување на неговиот работен век и мора да се отстрани согласно важечките локални или национални прописи на еколошки исправен начин.

Поради присуството на ладилно средство, масло и други компоненти во топлотната пумпа, нејзиното демонтирање мора да го изврши стручно лице/овластен инсталатер во согласност со важечките прописи. За повеќе информации, контактирајте ги надлежните органи.

Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран, копиран, архивиран или пренесен во било која форма или на било кој начин без дозвола од HAIER.

Во рамки на политиката на континуирано подобрување на своите производи, HAIER го задржува правото да врши измени во секое време без претходна најава и без обврска тие измени да ги имплементира во веќе продадени производи. Овој документ може да биде изменет во текот на животниот циклус на производот.

HAIER вложува максимални напори да обезбеди точна и ажурирана документација. Сепак, печатните грешки не можат да бидат контролирани од страна на HAIER и не се негова одговорност.

Како резултат на тоа, дел од сликите или податоците користени за илустрација во овој документ може да не се однесуваат на конкретни модели. Не се прифаќаат рекламации врз основа на податоците, илустрациите и описите наведени во ова упатство.

Безбедност

	Внимателно прочитајте ги мерките на претпазливост во ова упатство пред да започнете со работа на уредот.		Предупредување: Ризик од пожар / запаливи материјали. Овој уред е наполнет со ладилно средство R32.
	Прочитајте го упатството за користење.		Индикатор за сервис – прочитајте го техничкото упатство.

По читањето на ова упатство, предадете го на лицата кои ќе го користат уредот.
Корисникот треба да го чува ова упатство при рака и да го направи достапно за лицата кои ќе вршат сервисирање или преместување на уредот. Исто така, треба да му се предаде на новиот корисник при промена на сопственоста.

⚠ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

• Побарајте од продавачот или квалификуван стручен персонал да ја изврши инсталацијата. Не обидувајте се сами да ја инсталирате топлотната пумпа. Неправилната инсталација може да доведе до протекување вода, електричен удар, пожар или експлозија.
• Сите кабли мора да имаат европски сертификат за усогласеност. При инсталација, доколку дојде до оштетување на поврзувачките кабли, мора да се обезбеди заземјувачкиот проводник да биде последниот што ќе се прекине.
• Доколку дојде до истекување на ладилното средство за време на инсталацијата, веднаш проветрете ја просторијата. Може да се создаде токсичен гас доколку ладилното средство дојде во контакт со оган, што може да предизвика експлозија.
• Осигурете се дека заземјувањето е правилно и сигурно. Не го поврзувајте заземјувањето на уредот со водоводни цевки, громобран или телефонска инсталација. Неправилното заземјување може да предизвика електричен удар.
• Прекинувачот на топлотната пумпа мора да биде повеќеполен и заштитен од експлозија. Растојанието помеѓу неговите контакти не смее да биде помало од 3 mm. Вакви средства за исклучување мора да бидат вградени во електричната инсталација.
• Електричните приклучници треба да се постават најмалку 1 m над топлотната пумпа или под неа. Не користете отворен пламен, уреди што создаваат висок статички електрицитет или висока температура во близина на топлотната пумпа.
• Не користете средства за забрзување на процесот на одмрзнување или за чистење, освен оние препорачани од производителот.
• Уредот мора да се складира во просторија без постојани извори на палење. Радиусот на зоната за складирање мора да биде најмалку 2,5 m (на пр. отворен пламен, активен гасен уред или електричен греач).
• Не дупчете и не го изложувајте уредот на оган.
• Имајте предвид дека ладилните средства може да немаат мирис.
• Уредот мора да биде инсталиран, користен и складиран во просторија со површина поголема од минималната површина наведена во табелата на следните страници. Просторијата мора да биде добро проветрена.
• Почитувајте ги националните прописи за гас.
• Овој уред може да го користат деца на возраст од 8 години и повеќе, како и лица со намалени физички, сензорни или ментални способности или со недостаток на искуство и знаење, доколку се под надзор или имаат добиено инструкции за безбедна употреба на уредот и ги разбираат можните опасности. Децата не смеат да си играат со уредот. Чистење и корисничко одржување не смеат да вршат деца без надзор.
• Топлотната пумпа не смее да се отстранува или отпишува на случаен начин. Доколку е потребно, контактирајте ја службата за корисници на Haier за да добиете точни упатства за правилно отстранување.
• Повторно употребливи механички спојки и фларни споеви не се дозволени во внатрешни простории.

⚠ВНИМАНИЕ

• Не ја инсталирајте топлотната пумпа на места каде постои ризик од истекување на запалив гас. Во случај на истекување, наталожениот гас во близина на уредот може да предизвика пожар.

• Преземете соодветни мерки за надворешната единица да не се користи како засолниште од мали животни. Контактот на мали животни со електрични делови може да предизвика дефекти, чад или пожар.

• Инструирајте го корисникот да ја одржува околината околу уредот чиста.

• Температурата на ладилниот круг може да биде висока; држете го меѓуединичниот кабел подалеку од бакарни цевки кои не се термички изолирани.

• Полнењето и собирањето (рекуперацијата) на ладилното средство мора да го вршат стручно квалификувани лица.

Безбедност

Барања за товарење и истовар / транспорт и управување / услови за складирање

Барања за товарење и истовар

1.Производите мора внимателно да се ракуваат при товарење и истовар.
2.Грубо и несоодветно ракување како удирање, фрлање, испуштање, влечење и тркалање не е дозволено.
3.Работниците ангажирани во товарење и истовар мора да бидат соодветно обучени за потенцијалните опасности предизвикани од несоодветно ракување.
4.На местото на товарење и истовар мора да има противпожарни апарати со сув прав или друга соодветна опрема за гаснење пожар, во рамки на нивниот рок на важност.
5.Нестручно лице не смее да учествува во товарење и истовар на топлотна пумпа со запаливо ладилно средство.
6.Пред товарење и истовар мора да се преземат антистатички мерки, а користењето на мобилни телефони за време на товарење и истовар не е дозволено.
7.Пушење и употреба на отворен пламен не се дозволени во близина на топлотната пумпа.

Барања за управување при транспорт

1.Максималниот обем на транспорт на готови производи се утврдува согласно важечките локални прописи.
2.Возилата што се користат за транспорт мора да се управуваат во согласност со локалните закони и прописи.
3.За сервисни интервенции мора да се користат наменски сервисни возила, а не е дозволен отворен транспорт на боци со ладилно средство и производи за одржување.
4.Возилата за транспорт мора да бидат опремени со покривка или сличен заштитен материјал со одредена отпорност на пламен.
5.Уред за предупредување при истекување на запаливо ладилно средство мора да биде инсталиран во затвореният товарен простор.
6.Во товарниот простор на возилото мора да биде инсталирана антистатичка опрема.
7.Во кабината на возачот мора да има противпожарен апарат со сув прав или друга соодветна опрема за гаснење пожар, во рамки на рокот на важност.
8.На страните и задниот дел на транспортните возила мора да бидат поставени портокалово-бели или црвено-бели рефлектирачки ознаки, со цел предупредување на возилата што се движат зад нив да одржуваат растојание.
9.Возилата треба да се движат со константна брзина, при што треба да се избегнува нагло забрзување и нагло сопирање.
10.Запаливи материјали или предмети што создаваат статички електрицитет не смеат да се транспортираат заедно.
11.Треба да се избегнува транспорт низ подрачја со висока температура, а доколку температурата во товарниот простор е превисока, мора да се преземат соодветни мерки за ладење.

Барања за складирање

1.Пакувањето на складираната опрема мора да биде такво што нема да дојде до истекување на ладилното средство поради механичко оштетување на опремата во внатрешноста.
2.Уредот мора да се складира во просторија без постојани извори на палење; радиусот на зоната за складирање мора да биде најмалку 2,5 m (на пр. отворен пламен, активен гасен уред или електричен греач).
3.Не дупчете и не го изложувајте уредот на оган.
4.Максималната дозволена количина на опрема што може да се складира заедно се утврдува согласно локалните прописи.

Безбедносна свесност

1.Постапки: работата мора да се изведува согласно контролирани постапки со цел минимизирање на ризиците.
2.Работна зона: просторот мора соодветно да се подели и изолира, а работа во затворен простор треба да се избегнува. Пред пуштање во работа на ладилниот систем или пред започнување со работа, мора да се обезбеди вентилација или отворање на просторот.
3.Проверка на локација: мора да се изврши проверка на ладилното средство.
4.Контрола на пожар: противпожарен апарат мора да биде поставен во близина; не е дозволено присуство на извор на пламен или висока температура; мора да се постави ознака „Забрането пушење“.

Безбедност

Проверка при распакување

Надворешна единица: уредот за детекција на истекување треба да се внесе во пакувањето на надворешната единица за да се провери дали има истекување на ладилното средство. Доколку се утврди истекување, инсталацијата не е дозволена и надворешната единица мора да се достави во сервисниот оддел.

Проверка на средината за инсталација

1.Проверка на околината на местото на инсталација: надворешната единица на топлотната пумпа со запаливо ладилно средство не смее да се инсталира во затворен простор.
2.Под внатрешната единица не смеат да се поставуваат напојување, прекинувачи или други извори на висока температура, како што се извор на пламен или грејни уреди на масло.
3.Напојувањето мора да биде обезбедено со заземјувачки проводник и уредот мора да биде сигурно заземјен.
4.При дупчење на ѕид со електрична дупчалка, мора однапред да се провери дали на тоа место има вградени водоводни, електрични или гасни инсталации. Се препорачува користење на веќе предвидени отвори низ ѕидот, доколку постојат.

Безбедносни принципи при инсталација

1.На местото на инсталација мора да се обезбеди добра вентилација (отворени врати и прозорци).
2.Во зоната на запаливо ладилно средство не е дозволен отворен пламен или извор на висока температура (вклучувајќи заварување, пушење и печки) над 548°C.
3.Мора да се преземат антистатички мерки, како носење памучна облека и памучни ракавици.
4.Местото на инсталација мора да биде погодно за монтажа или сервисирање. Треба да се избегнува поставување пречки околу влезот/излезот на воздух на внатрешната/надворешната единица, како и електрични уреди, прекинувачи, приклучници, вредни предмети и извори на висока температура во близина на уредот. Уредот не смее да се поставува во близина на извори на топлина, запаливи или горливи материјали.
5.Доколку уредот е оштетен, мора да се достави во сервисен центар. Заварување на цевководот за ладилно средство на местото на корисникот не е дозволено.


Внимание, ризик од пожар


Забрането пушење


Памучна облека


Антистатички ракавици


Пазете се од елетростатика


Заштитни очила

Барања за електрична безбедност

1.При електрично поврзување мора да се земат предвид условите на околината (температура на амбиентот, директна сончева светлина и дожд), при што треба да се преземат соодветни заштитни мерки.
2.Како напојни и поврзувачки кабли мора да се користат бакарни проводници во согласност со локалните стандарди.
3.Надворешната единица мора да биде сигурно заземјена.
4.Мора да се користи наменски електричен вод (посебно коло), а исто така мора да се инсталира заштитен уред од струјно истекување со соодветен капацитет.

Барања за квалификација на инсталатер

Мора да се поседува соодветен сертификат за квалификација согласно националните закони и прописи.



Инсталација на надворешна единица

Фиксирање и поврзување

Напомена:

а) Во радиус од 3 m околу местото на инсталација не смеат да има извори на пламен.

б) b) Уредот за детекција на ладилно средство треба да биде поставен на пониска позиција на отворено и да биде изложен (непокриен).

Безбедност

Фиксирање

Носачот на надворешната единица мора да биде фиксиран на sидната површина, по што надворешната единица треба да се постави хоризонтално на носачот. Доколку надворешната единица се монтира на sид или на кров, носачот мора да биде цврсто фиксиран со цел да се избегне оштетување од силен ветер.

Проверки по инсталација и пробна работа

Елементи за проверка по инсталација

Ставки за проверка	Последици од неправилна инсталација
Дали инсталацијата е стабилна	Уредот може да падне, да вибрира или да создава бучава
Дали е извршена проверка за истекување на воздух	Капацитетот на ладење/греење може да биде недоволен
Дали уредот е целосно изолиран	Може да се појави кондензација или капење
Дали одводот функционира правилно	Може да се појави кондензација или капење
Дали напонот одговара на наведениот на плочката	Може да дојде до дефект или оштетување на делови
Дали колото и цевководот се правилно инсталирани	Може да дојде до дефект или оштетување на делови
Дали уредот е правилно заземјен	Може да дојде до истекување на електрична струја
Дали типот на кабел е во согласност со прописите	Може да дојде до дефект или оштетување на делови
Дали има пречки на влез/излез на воздух кај надворешната единица	Капацитетот на ладење/греење може да биде недоволен

Упатства за одржување

• За сите дефекти кои бараат заварување на цевководот за ладилно средство или компоненти во системот за ладење со R32, одржување на локацијата на корисникот не е дозволено.

• За дефекти кои бараат расклопување или деформација на разменувачот на топлина (како замена на шасијата на надворешната единица или целосно расклопување на кондензаторот), одржување на локацијата на корисникот не е дозволено.

• За дефекти кои бараат замена на компресорот или делови и компоненти од системот за ладење, одржување на локацијата на корисникот не е дозволено.

• За други дефекти кои не ги вклучуваат садот за ладилно средство, внатрешните цевководи или елементите на системот за ладење, одржување на локацијата на корисникот е дозволено, вклучително и чистење и одзатнување, без расклопување и без заварување.

• Доколку при одржување е потребна замена на гасни/течни цевки, спојот на гасните/течните цевки на внатрешната единица мора да се пресече со алат (нож за сечење). Повторно поврзување е дозволено само по повторно развалцување (re-flaring) (истото важи и за надворешната единица).

Барања за квалификација на сервисен персонал

1.Сите оператори или сервисен персонал кои работат со ладилни кругови мора да поседуваат валиден сертификат издаден од овластена институција за оценување, со што се потврдува нивната квалификација за безбедно ракување и отстранување на ладилното средство согласно важечките прописи.

2.Опремата може да се одржува и сервисира исклучиво според методите препорачани од производителот. Доколку е потребна помош од лица од други струки, таа мора да се врши под надзор на лице кое поседува сертификат за работа со запаливи ладилни средства.

Безбедност

Проверка на условите за одржување

• Пред започнување со работа, не смее да има истекување на ладилно средство во просторијата.

• Просторот во кој се врши одржување мора да биде во согласност со ова упатство.

• За време на одржувањето мора да се обезбеди континуирана вентилација.

• Во просторот за одржување не е дозволен отворен пламен или извор на висока температура (над 548°C) кој може да предизвика палење.

• За време на одржувањето, мобилните телефони и сите електронски уреди на операторите во просторијата мора да бидат исклучени.

• Во просторот за одржување мора да има противпожарен апарат со сув прав или јаглерод диоксид (CO_2), кој мора да биде во исправна и достапна состојба.

Барања за сервисна локација

• Локацијата за одржување мора да има добра вентилација и да биде рамна. Поставување на сервисна локација во подрум не е дозволено.

• На сервисната локација мора да се разграничат зоните за заварување и без заварување, кои треба јасно да бидат означени. Мора да се обезбеди соодветно безбедносно растојание помеѓу двете зони.

• На сервисната локација мора да бидат инсталирани вентилациони уреди. Може да се користат издувни вентилатори, плафонски или подни вентилатори и посебни издувни канали, со цел да се обезбеди доволна и рамномерна вентилација и да се спречи акумулација на ладилен гас.

• Мора да биде обезбедена опрема за детекција на истекување на запаливо ладилно средство, заедно со соодветен систем за управување. Пред започнување со одржување, мора да се провери дали опремата за детекција е во исправна состојба.

• Мора да се обезбедат соодветни вакуум пумпи и опрема за полнење на ладилно средство, со воспоставен систем за управување. Опремата за одржување смее да се користи само за вакуумирање и полнење на еден тип запаливо ладилно средство; мешана употреба не е дозволена.

• Главниот прекинувач за напојување мора да биде поставен надвор од сервисната зона и да биде опремен со заштитен (експлозивно-безбеден) уред.

• Боците со азот, ацетилен и кислород мора да се постават одделно. Растојанието помеѓу боците и работната зона со отворен пламен мора да биде најмалку 6 m. За ацетиленските боци мора да се вгради повратен вентил против пламен. Боите на боците за ацетилен и кислород мора да бидат во согласност со меѓународните стандарди.

• Во сервисната зона мора да бидат поставени ознаки „Забранет оган“, „Забрането пушење“ и „Антистатичка заштита“.

• Мора да биде обезбедена соодветна противпожарна опрема за електрични уреди, како што се противпожарни апарати со сув прав или јаглерод диоксид (CO_2), кои мора секогаш да бидат во исправна состојба.

• Вентилацијата и другата електрична опрема на сервисната локација мора да бидат стабилно поставени, со стандардизирано водење на цевките. Привремени кабли и приклучници на сервисната локација не се дозволени.

Методи за детекција на истекување

• Средината во која се врши проверка за истекување на ладилно средство мора да биде без потенцијални извори на палење. Детекција со халогени сонди (или други детектори со отворен пламен) не е дозволена.

• За системи со запаливо ладилно средство, детекцијата на истекување може да се врши со електронска опрема за детекција. За време на детекцијата, средината во која се калибрира опремата мора да биде без присуство на ладилно средство. Мора да се обезбеди дека опремата за детекција нема да претставува потенцијален извор на палење и дека е соодветна за конкретното ладилно средство. Опремата за детекција мора да биде поставена на процент од долната граница на запаливост (LFL) на ладилното средство и да биде калибрирана според користеното средство, при што соодветниот процент на гас (максимум 25%) мора да биде потврден.

• Течноста што се користи за детекција мора да биде соодветна за повеќето ладилни средства. Треба да се избегнува употреба на раствори што содржат хлор, со цел да се спречи хемиска реакција помеѓу хлор и ладилното средство и корозија на бакарните цевки.

• Доколку се сомневате на истекување, сите извори на отворен пламен мора да се отстранат или изгаснат.

• Доколку е потребно заварување на местото на истекување, целото ладилно средство мора да се евакуира или да се изолира во дел од системот што е оддалечен од местото на истекување, со употреба на запорен вентил. Пред и за време на заварувањето, целиот систем мора да се прочисти со OFN (кислородно-слободен азот).

Безбедност

Безбедносни принципи

• Напојувањето мора да се исклучи пред започнување со одржување.

• За време на одржувањето мора да се обезбеди добра вентилација на сервисната локација; затворање на сите врати и прозорци не е дозволено.

• Работа со отворен пламен не е дозволена, вклучително и заварување и пушење. Не е дозволена ниту употреба на мобилни телефони. Корисникот мора да биде информиран дека готвење со отворен пламен не е дозволено.

• При одржување во суви услови, кога релативната влажност е помала од 40%, мора да се преземат антистатички мерки, вклучително носење памучна облека и памучни ракавици.

• Доколку се утврди истекување на запаливо ладилно средство за време на одржувањето, мора веднаш да се преземат мерки за присилна вентилација и да се отстрани изворот на истекување.

• Доколку производот е оштетен и е потребно расклопување на системот за ладење, уредот мора да се достави во сервисен центар. Заварување на цевководот за ладилно средство на локацијата на корисникот не е дозволено.

• За време на одржувањето, доколку е потребно повторно прилагодување поради недостаток на приклучоци, топлотната пумпа мора да се ресетира.

• Системот за ладење мора да биде сигурно заземјен во текот на целото одржување.

• При сервисирање „од врата до врата“ со боци за ладилно средство, количината на ладилно средство во боцата не смее да ја надмине пропишаната вредност. Боците што се наоѓаат во возила или на локацијата за инсталација/одржување мора да бидат поставени вертикално и да се чуваат подалеку од извори на топлина, извори на палење, извори на зрачење и електрични уреди.

Општи барања за одржување

Пред пуштање во работа на системот за ладење, циркулациониот систем мора да се прочисти со азот. Потоа надворешната единица треба да се вакуумира, при што времетраењето не смее да биде пократко од 30 минути. На крај, за испирање со азот треба да се користи OFN со притисок од 1,5–2,0 MPa (30 секунди до 1 минута), за да се потврдат местата кои бараат обработка. Одржувањето на системот за ладење е дозволено само по отстранување на преостанатиот запалив гас.

• При користење на алати за полнење со ладилно средство мора да се избегнува вкрстена контаминација на различни ладилни средства. Вкупната должина на системот (вклучително и цевководите) треба да биде што е можно пократка, со цел да се намали количината на преостанато ладилно средство.

• Боците со ладилно средство мора да се чуваат во исправена положба и да бидат обезбедени.

• По завршување на одржувањето, системот мора да биде безбедно запечатен.

• Одржувањето не смее да ја наруши или намали првичната класа на заштита на системот.

Одржување на електрични компоненти

• Дел од електричните компоненти кои се одржуваат мора да бидат предмет на проверка за истекување на ладилно средство со соодветна опрема за детекција.

• По завршување на одржувањето, компонентите со заштитни функции не смеат да се расклопуваат или отстрануваат.

• При одржување на заптивни елементи, пред отворање на заштитниот капак, топлотната пумпа мора да биде исклучена од напојување. Доколку е потребно напојување, мора да се врши континуирана детекција на истекување на најризичното место, со цел да се избегнат потенцијални опасности.

• При одржување на електрични компоненти, замената на куќиштата не смее да го намали нивото на заштита.

• По одржувањето мора да се обезбеди дека заптивните функции не се оштетени и дека заптивните материјали не ја губат способноста да спречат навлегување на запалив гас поради стареење. Заменските компоненти мора да ги исполнуваат препораките на производителот на топлотната пумпа.

Одржување на елементи со внатрешна безбедност

Елемент со внатрешна безбедност се однесува на компоненти кои работат континуирано во присуство на запалив гас, без ризик.
Пред секое одржување, мора да се изврши детекција на протекување и проверка на сигурноста на заземјувањето на топлотната пумпа, со цел да се обезбеди дека нема протекување и дека заземјувањето е сигурно.
Во текот на сервисирањето на топлотната пумпа, не смее да се надмине дозволениот напон и струја, ниту пак да се додаваат индуктивни или капацитивни елементи во електричното коло.
Дозволено е да се користат исклучиво оригинални делови и компоненти одобрени од производителот. Во спротивно, во случај на протекување на фреон, може да дојде до пожар или експлозија.
При одржување кое не вклучува интервенција во системските цевководи, истите мора да бидат соодветно заштитени за да се спречи појава на протекување како резултат на сервисните активности.
По завршување на одржувањето и пред повторно пуштање во работа, топлотната пумпа мора да биде подложена на детекција на протекување и проверка на заземјувањето, користејќи соодветна опрема или раствор за детекција. Мора да се гарантира дека стартувањето се врши без протекување и со сигурно заземјување.

Безбедност

Отстранување и вакумирање

Одржувањето или другите интервенции во ладилниот круг мора да се изведуваат согласно стандардни процедури.
Притоа, мора особено да се земе предвид запалливоста на ладилното средство. Потребно е да се следат следните постапки:
- Отстранување на ладилното средство.
- Прочистување на цевководот со инертен гас.
- Вакуумирање
- Повторно прочистување со инертен гас

При сечење или заварување на цевководите, ладилното средство мора да се собере во соодветен цилиндар.
Системот треба да се продува со OFN (кислород-слободен азот) за безбедност. Постапката може да се повтори повеќекратно.
Забрането е користење на компримиран воздух или кислород за продувување.
При продувување, OFN се внесува во системот во состојба на вакуум, сè додека не се достигне работниот притисок. Потоа OFN се испушта во атмосферата.
Постапката се повторува додека целосно не се отстранат сите остатоци од ладилното средство.
Последното полнење со OFN исто така се испушта во атмосферата, по што системот може да се заварува.
Оваа постапка е задолжителна при работа на цевководи.
Мора да се обезбеди дека во близина на издувот на вакуум пумпата нема извори на палење и дека просторот е соодветно вентилиран.

Заварување

Мора да се обезбеди соодветна вентилација во зоната на одржување.
По извршеното вакуумирање, ладилното средство од системот може да се испушти од страната на надворешната единица.
Пред да се изврши заварување на надворешната единица, мора да се гарантира дека во системот нема преостанато ладилно средство и дека е целосно испразнет и исчистен.
! Цевководите на ладилниот систем не смеат да се сечат со заварување под никакви околности.
Демонтажата мора да се изврши со секач за цевки (pipe cutter), и тоа во зона со соодветна вентилација.

Постапки за полнење со ладилно средство

Следните барања претставуваат дополнување на стандардните процедури:

При користење на опрема за полнење, мора да се избегне мешање на различни ладилни средства.
Вкупната должина на системот (вклучувајќи ги цевководите) треба да биде што е можно пократка за да се намали остатокот на фреон во системот.
Цилиндрите со ладилно средство мора да се чуваат во вертикална положба.
Пред полнење, системот мора да биде заземен.
На системот мора да биде поставена ознака дека е наполнет со ладилно средство.
Прекумерно полнење не е дозволено – полнењето треба да се врши постепено и контролирано.
Доколку се детектира протекување, полнењето не смее да продолжи додека дефектот не се отстрани.
Количината на полнење мора да се мери со електронска вага или пружна вага. Цревото за полнење треба да биде правилно поставено (без напрегање) за да не се наруши точноста на мерењето.

Складирање на ладилно средство

Цилиндрите треба да се чуваат во средина со температура од -10°C до +50°C, со добра вентилација и со поставени предупредувачки ознаки.
Алатите што доаѓаат во контакт со ладилно средство мора да се чуваат и користат одвоено, и не смеат да се мешаат помеѓу различни типови на ладилни средства.

ВОВЕД

Општи информации

Важно известување: Ве молиме проверете, според називот на моделот, кој тип на топлотна пумпа го користите, како е означен и како се реферира во ова упатство.

Ова Упатство за инсталација и работа се однесува исклучиво на следните модели:
AW052/072/092MUCHA, AW112/142/162MXCHA, AW11/14/16NMXCHA.

Моделите AW052/072/092MUCHA и AW112/142/162MXCHA се еднофазни (single-phase) електрични уреди.
Моделите AW11/14/16NMXCHA се трифазни (three-phase) електрични уреди.

Овие уреди ги исполнуваат барањата за централно греење и ладење во домови, канцеларии, продавници и слични објекти.

Се одликуваат со висока енергетска ефикасност и можат да се користат како самостоен извор на енергија или како дел од интегриран систем (на пример комбинација со котел + соларно греење).

Станува збор за инженерски решенија кои можат да се интегрираат меѓусебно, овозможувајќи максимална искористеност на различни извори на енергија, врз основа на специфични параметри на ефикасност.

За правилно функционирање на целиот систем, HAIER нуди „интелигентен“ System Manager, кој автоматски го избира најекономичниот извор на енергија во даден момент и го активира соодветниот уред.

Целата серија е усогласена со барањата на:

ErP директива (2009/125/EC)
ELD директива (2010/30/EC)

Достапни се различни хидраулични, електрични и електронски комплети, кои овозможуваат флексибилна примена во сите услови.

Достапни се инвертер воздух-вода топлотни пумпи со моќности:
5 kW, 7 kW, 9 kW, 11 kW, 14 kW и 16 kW, за работа во режим на греење и ладење.

Влезниот притисок на водниот систем е од 0 bar до помалку од 3 bar
Излезната температура на водата е од 5°C до 60°C, погодна за греење и ладење

ДОДАТОЦИ

AW052/072/092MUCHA

Бр.	Цртеж	Назив на дел	Количина
1		Одводно колено	9
2		Гумен подметач	6
3		Жичен контролер	1
4		Филтер за вода	1
5		Спецификација	1
6		Кабелски сноп за сензор	3

AW112/142/162MXCHA AW11N/14N/16NMXCHA

Бр..	Drawing	Назив на дел	Количина
1		Одводно колено	10
2		Гумен подметач	6
3		Жичен контролер	1
4		Филтер за вода	1
5		Спецификација	1
6		Кабелски сноп за сензор	3

Забелешка:Додатоците се поставени на подлогата на пакувањето

Транспорт и подигнување


Подигнување

Единицата треба да се подигнува од предната страна, што е можно поблиску до местото на распакување.

⚠ ВНИМАНИЕ
• Не поставувајте никакви предмети врз уредот. • За подигнување на надворешната единица мора да се користат две јажиња.

Метод на подигнување

Подигнувањето треба да се изведува внимателно, со цел да се обезбеди стабилност и рамнотежа на надворешната единица, со бавно подигнување.
1.Отстранување на надворешното пакување е строго забрането за време на подигнувањето.
2.Како што е прикажано, подигнувањето треба да се врши со две јажиња, додека уредот е сè уште во пакување.



Како што е прикажано на сликата, јажето треба да се постави низ дрвената основа околу отворот за подигнување.

⚠ ВНИМАНИЕ
• Со цел да се обезбеди безбедност, одржувајте ја рамнотежата при подигнување и вршете бавно подигнување. • Не користете лифт преку пакувањето и надворешната амбалажа на уредот. • При подигнување мора да се користи надворешна заштита, како што се ткаенина или картон.


Транспорт и подигнување

Рачно ракување

⚠ ВНИМАНИЕ
•При инсталација и пуштање во работа, во надворешната единица не смеат да се внесуваат никакви непотребни материјали, со цел да се спречи присуство на остатоци во уредот и да се избегне ризик од пожар или несреќа.

📌 При рачно ракување со опремата, обрнете внимание на следново:



1. Не отстранувајте ја дрвената основа.
2. Со цел да се спречи превртување на надворешната единица, мора да се земе предвид центарот на тежина, како што е прикажано на сликата.
3. За носење на надворешната единица се потребни две или повеќе лица.



Упатство за инсталација

(1)Избор на место за инсталација

<table>
<tr>
<td>Уредот не смее да се инсталира на место каде има запалив гас, бидејќи постои ризик од пожар.

</td>
<td>Уредот треба да се инсталира на место со добра вентилација.
Излезот за воздух не смее да биде попречен, и уредот не смее да биде изложен на силен ветер.

Просторот за инсталација е опишан во следниот дел.</td>
<td>Уредот треба да се инсталира на доволно цврста подлога.
Во спротивно, може да предизвика вибрации и бучава.
</td>
</tr>
<tr>
<td>Местото треба да овозможува слободно истекување на водата.
</td>
<td>• Местото каде што нема други извори на топлина кои би влијаеле на уредот.
• Местото треба да овозможува слободно истекување на водата.
Да се обрне внимание на снег, за да не дојде до затнување на надворешната единица.
При инсталација, да се постави антивибрациона гума помеѓу уредот и носачот.</td>
<td>• Места подолу (пониско поставени позиции) каде може да дојде до оштетување
Места со корозивни гасови (спа зони и сл.)
• Место изложено на солен воздух (крајбрежни подрачја и сл.).
• Присуство на густ чад од јаглен.
• Простор со висока влажност.
• Простор во кој се наоѓаат уреди што емитуваат Херцови (електромагнетни) бранови.
• Простор во кој се јавуваат значителни варијации на напонот.</td>
</tr>
</table>


Забелешка:

Во снежни подрачја, единицата да се инсталира под носач или под заштитен покрив/капак против снег, со цел да се спречи акумулација на снег врз уредот.
Да не се инсталира единицата на места каде што може да дојде до истекување на запалив гас.
Единицата да се инсталира на доволно цврсто и стабилно место.
Единицата да се инсталира на рамна површина.
При инсталација на места со силен ветер, издувниот отвор на единицата да се постави така што насоката на струење на воздухот и насоката на ветерот да бидат вертикални.
Местото на инсталација треба да биде оддалечено од подрачја со повисоко ниво на бучава. Истовремено, кај инсталации во такви услови, потребно е да се обезбедат мерки за намалување на вибрации на надворешната единица и соодветна изолација на ѕидовите, со цел да се спречат вибрации предизвикани од тенки ѕидови или појава на акустични проблеми.
Алуминиумските ламели се многу остри; потребно е внимание за да се спречат повреди/гребнатини.
При одржување на покрив или при инсталација на надворешни единици, да се обезбеди дека трети лица немаат пристап до надворешната единица.

(2) Простор за инсталација и одржување


Избор на локација за инсталација на надворешна единица

(1) Инсталација на една единица (единица мерка: mm (инчи))




Горната и двете странични површини мора да бидат изложени на отворен простор, а пречките најмалку од една страна (предна или задна) треба да бидат пониски од надворешната единица.

(2) Инсталација на повеќе единици (единица мерка: mm (инчи))



Висината на пречките треба да биде пониска од висината на надворешната единица.

(3) Инсталација на повеќе единици (единица мерка: mm (инчи))




Горната и двете странични површини мора да бидат изложени на отворен простор, а пречките барем од една страна (предна или задна) треба да бидат пониски од надворешната единица.


Просторот за сервисирање прикажан во илустрациите е заснован на температура на влезниот воздух од 95°F (35°C) (DB) при режим на ладење. Во региони каде што температурата на влезниот воздух редовно ја надминува 95°F (35°C) (DB), или доколку се очекува топлинското оптоварување на надворешните единици редовно да ја надминува максималната работна способност, потребно е да се обезбеди поголем простор од наведениот кај влезот на воздух на единиците.
Во однос на потребниот простор за издув на воздух, единиците треба да се позиционираат имајќи го предвид и просторот потребен за изведба на цевководот за ладилно средство на лице место. Доколку условите на работа не се совпаѓаат со оние прикажани на цртежите, консултирајте се со вашиот добавувач.

(3) Мерки на претпазливост при инсталација

ЗАБЕЛЕШКА:
Доколку одводните отвори на надворешната единица се покриени со монтажна подлога или со подната површина, потребно е единицата да се подигне со цел да се обезбеди слободен простор од најмалку 130 mm (5 инчи) под надворешната единица.




Изведба на темел (основа)
Да се провери цврстината и нивелираноста на подлогата за инсталација, со цел да се спречи појава на вибрации или бучава при работа на уредот по инсталацијата.
Во согласност со темелниот цртеж прикажан на сликата, единицата да се фиксира сигурно со помош на темелни (анкер) завртки.
Се препорачува темелните завртки да се завртат така што нивната должина да биде 20 mm (0,8 инчи) над површината на темелот.




Надворешната единица да се фиксира на темелните завртки со помош на навртки со смолести (резински) подлошки (1), како што е прикажано на сликата.
Доколку не е потребно надворешната единица да се инсталира во отворен простор или во ограден простор на објектот, може да се применат следните два начини за да се спречи обратна ротација на вентилаторот или оштетување предизвикано од силен ветер.

(1) Употреба на ветробран (дефлектор за ветер)




Упатство за инсталација

(2) Инсталација во близина на ѕид




Доколку заштитниот слој (облогата) на површината за прицврстување е отстранет, навртките лесно кородираат.
Димензии (поглед одоздола) (мерна единица: mm)

AW052MUCHA
AW072MUCHA
AW092MUCHA



A Растојание помеѓу ногарки 1
B Растојание помеѓу ногарки 2
C Растојание помеѓу ногарки 3
D Отвор за одвод
E Долна рамка

AW112MXCHA
AW142MXCHA
AW162MXCHA
AW11NMXCHA
AW14NMXCHA
AW16NMXCHA




A Растојание помеѓу ногарки 1
B Растојание помеѓу ногарки 2
C Растојание помеѓу ногарки 3
D Одводен отвор
E Долна рамка

(4) Одводнување на надворешната единица

Доколку е потребно да се изведе одводнување на вашата надворешна единица, следете ги насоките подолу:

• На долната плоча од единицата се предвидени отвори за одвод (одводниот приклучок и одводното црево се обезбедуваат на лице место).
• Во студени подрачја не користете одводно црево со единицата. Во спротивно, одводната вода може да замрзне и да го блокира одводот. Доколку употребата на одводно црево е неизбежна, се препорачува поставување на грејна лента за да се спречи замрзнување на одводот.
• Осигурете се дека одводот функционира правилно.

(5) Барања и препораки за хидрауличниот круг




Хидрауличен круг

Максималната должина на цевководот зависи од максимално достапниот притисок во излезната водоводна цевка. Ве молиме проверете ги кривите на пумпата.













Упатство за инсталација







AW052MUCHA
AW072MUCHA
AW092MUCHA



AW112MXCHA AW142MXCHA AW162MXCHA
AW11NMXCHA AW14NMXCHA AW16NMXCHA

Заштита од замрзнување

• Кога единицата е запрена во периоди на исклучување и амбиенталната температура е многу ниска, водата во цевките и циркулационата пумпа може да замрзне, што може да предизвика оштетување на цевките и пумпата. Во такви случаи, инсталатерот мора да обезбеди температурата на водата во цевките да не падне под точката на замрзнување. За таа цел, единицата располага со механизам за самозаштита кој треба да се активира.

• Дополнително, во случаи кога одводот на вода е отежнат, треба да се користи антифриз мешавина од гликол (етилен или пропилен) со содржина помеѓу 10% и 40%. Перформансите на единицата при работа со гликол може да се намалат пропорционално со процентот на користениот гликол, бидејќи густината на гликолот е поголема од онаа на водата.

Минимален проток

• Проверете дали водната пумпа на системот за греење работи во рамките на својот работен опсег и дали протокот на вода е над минималната вредност на пумпата. Доколку протокот на вода е под минималниот, на единицата ќе се прикаже аларм.

Model	Проток на вода (L/min)	Минимален проток на вода (L/min)
AW052MUCHA	14.3	8.6
AW072MUCHA	20.1	12.1
AW092MUCHA	25.8	15.5
AW112MXCHA	31.5	19.0
AW142MXCHA	40.1	24.1
AW162MXCHA	45.9	27.5
AW11NMXCHA	31.5	19.0
AW14NMXCHA	40.1	24.1
AW16NMXCHA	45.9	27.5

Упатство за инсталација

Филтер

• Препорачаниот тип на филтер е магнетен. Дополнително, силно се препорачува да се инсталира специјален филтер за вода во системот за греење (теренска инсталација), со цел да се отстранат честичките што можат да останат од лемењето, а кои не можат да се задржат од вградениот филтер (strainer) на единицата. Филтерот за вода треба да се набави и инсталира од страна на инсталатерот. Бројот на мрежички (mesh) на филтерот не смее да биде помал од 40.

Експанзионен сад

• Притисокот во експанзиониот сад треба да се прилагоди според вкупниот волумен на вода во системот. ODU единицата е опремена со експанзионен сад со почетен притисок од 1 bar и волумен од 4.5 L, што може да покрие максимален капацитет на системот од 132 L за затворен систем. Доколку вкупниот волумен на вода го надминува максимално дозволениот капацитет на стандардниот експанзионен сад, потребно е да се вгради дополнителен експанзионен сад.

DHW сад

• При избор на сад за DHW, земете ги предвид следниве точки:
– Капацитетот на садот треба да одговара на дневната потрошувачка, со цел да се избегне стагнација на водата.
– Свежата вода треба да циркулира во системот најмалку еднаш дневно во првите денови по инсталацијата.
– Дополнително, системот треба да се исплакне со свежа вода доколку нема потрошувачка на санитарна топла вода подолг временски период.

Мешачки вентил

• Се препорачува употреба на мешачки вентил од брендот Caleffi, модел 167032, или вентил со еквивалентни карактеристики.
• Поради карактеристиките на солид-стејт релеи, на приклучокот на мешачкиот вентил може да постои остаточен напон. Овој напон е под безбедносниот екстра-низок напон (36V), не претставува ризик од електричен удар и нема да предизвика функционални дефекти, како што е неправилна работа на мешачкиот вентил.

Топлински загуби

• Избегнувајте долги траси на водоводните цевки помеѓу резервоарот и ODU единицата, со цел да се намалат можните температурни загуби.
• По потреба, поставете изолација на цевките за да се избегнат топлински загуби. Дебелината на изолацијата не смее да биде помала од 30 mm.

Цевковод

• Максималниот притисок на водата е 3 bar (номинален притисок на отворање на сигурносниот вентил). Обезбедете соодветен редуцир вентил во водниот круг за да се осигури дека максималниот притисок НЕ е надминат.
• Осигурете се дека сите компоненти обезбедени од инсталатерот, вградени во цевководниот систем, можат да го издржат притисокот и температурниот опсег на водата во кој работи единицата.
• HAIER единиците се наменети исклучиво за употреба во затворен воден систем.

Упатство за инсталација

Модел	Влез/Излез (инчи)
AW052MUCHA	R1
AW072MUCHA	R1
AW092MUCHA	R1
AW112MXCHA	R1
AW142MXCHA	R1
AW162MXCHA	R1
AW11NMXCHA	R1
AW14NMXCHA	R1
AW16NMXCHA	R1

Опис на минимален волумен на вода

Следниот дел прикажува како да се пресмета минималниот волумен на вода во системот за заштита на уредот (anti-hunting) и намалување на температурниот пад при одмрзнување.
1. Заштитен волумен на вода за уредот
Осигурете се дека волуменот на вода е еднаков или поголем од вредностите прикажани подолу, со цел да се намали ON/OFF фреквенцијата на HAIER единицата при безтоварен или многу мал товар. Доколку волуменот на вода е помал од наведениот (минимален волумен), компресорот често ќе се вклучува и исклучува при мал товар, што може да доведе до скратен работен век или дефект.

Модел	AW052MUCHA	AW072MUCHA	AW092MUCHA	AW112MXCHA	AW142MXCHA
минимален волумен на вода (L)	30	35	45	55	70
Модел	AW162MXCHA	AW11NMXCHA	AW14NMXCHA	AW16NMXCHA	
минимален волумен на вода (L)	80	55	70	80	

Контрола на вода

Потребно е да се анализира квалитетот на водата со проверка на pH вредноста, електричната спроводливост, содржината на амониум јони, содржината на сулфур и други параметри. Подолу е даден препорачаниот стандард за квалитет на вода:

Параметар		Единица	Вредност
Стандардна pH вредност(25°C)			7.5-9
Електрична спроводливост {2}		μS/cm	10-500
Алкалност	HCO_3^-	mg/l	70-300
Сулфати	SO_4^{2-}	mg/l	<70
Однос алкалност/сулфати	HCO_3^-/SO_4^{2-}	mg/l	>1
Амониум	NH_4	mg/l	<2
Слободен хлор	Cl_2	mg/l	<1
Водород сулфид	H_2S	mg/l	<0.05
Слободен јаглерод диоксид (агресивен)	CO_2	mg/l	<5
Нитрати	NO_3^-	mg/l	<100
Железо	Fe	mg/l	<0.2
Алуминиум	Al	mg/l	<0.2
Манган	Mn	mg/l	<0.1
Содржина на хлориди	Cl^-	mg/l	≤50
Вкупна тврдина	$CaCO_3$	mg/l	≤70

Електрично поврзување и примена

Општа проверка

• Осигурете се дека се исполнети следните услови поврзани со инсталацијата на напојувањето: капацитетот на електричната инсталација е доволен за да ги задоволи потребите за напојување на HAIER системот.
Напонот на напојување е во рамки на ±10% од номиналниот напон.
Импедансата на напојувањето е доволно ниска за да се избегне пад на напон поголем од 15% од номиналниот напон.
• Во согласност со Директивата на Советот 2004/108/EC, која се однесува на електромагнетна компатибилност, табелата подолу ја прикажува максимално дозволената импеданса на системот (Zmax) на приклучната точка на корисничкото напојување, согласно EN61000-3-11.

.

Модел	Напојување	ZMax.(Ω)
